**Александар Миткоски**[1]

# ТРИ НОВИ ПРАИСТОРИСКИ ЛОКАЛИТЕТИ ОД ПРИЛЕПСКО

**Апстракт.** *Во овој прилог се презентира археолошки материјал добиен по пат на рекогносцирања, а дел како подарок и потекнува од три досега неевидентирани археолошки локалитети. Презентираните сознанија ја дополнуваат претставата за рашireност на веќе познатите културни целини во Пелагонија и Мариово, а кои хронолошки припаѓаат на праисториските епохи.*

**Клучни зборови:** *неолит, дрвена граѓа, лепеж, барботин, импресо техниката, жртвеник, орудија од камен, енеолит, "furchenstich" техника*

На подрачјето на Пелагонија и Мариово, на просторот на кој Н.У. Завод и Музеј - Прилеп е надлежен да врши теренски истражувања и рекогносцирања евидентирани се над 500 археолошки локалитети.[2] Околу 170 од нив припаѓаат на праисторијата, односно тоа се населби или некрополи датирани во разни периоди од оваа епоха. Сепак археолошки истражувања вршени се само на околу 20 локалитети и тоа на подрачјето на Пелагонија на локалитетите : Пештерица, с. Ореовец,[3] Врбјанска Чука, с. Славеј,[4] Радин дол, Прилеп,[5] Чука, с. Тополчани,[6] Могила, с. Сенокос,[7] Кутлине, с. Ракле,[8] Градиште, с. Дебреште,[9] Али Чаир, Прилеп,[10] Бакарно Гумно, с. Чепигово,[11] Крушеанска Чука, с. Врбјани,[12] Големи Камен, с. Лопатица,[13] Маркови Кули, Прилеп,[14] Баба, Прилеп,[15] Ридот, с.

---

[1] Археолог кустос советник, Александар Миткоски, Н.У. Завод и Музеј, Прилеп, ул. Александар Македонски бр. 142, amitkoski@yahoo. com

[2] Китаноски Б., 1961, 39 и др.; Кепески Л и К., 1986, 115; Стручна екипа на Н.У.Завод и Музеј, Прилеп под раководство на А.Миткоски – виш кустос во 2001 година го реализира проектот *Археолошки рекогносцирања на подрачјето на општина Витолиште, Мариово*

[3] Китаноски Б., 1976, 155 и др.

[4] Миткоски А., 2005, 33

[5] Китаноски Б. и др., 1987, 7 и др.

[6] Китаноски Б., 1977,27

[7] Темелкоски Д, Миткоски А., 2006,55

[8] Темелкоски Д, Миткоски А., 2008, 93

[9] Археолошка карта.., 1996, 294

[10] Kitanoski B., 1969, 19-20, T. V, 1

[11] Kitanoski B., 1992, 232

[12] Темелкоски Д., 1999, 33

[13] Темелкоски Д, Миткоски А., 2008а, 115

[14] Cnotliwy E., 1990, 63, ил. 41, 1,2,3, ил. 44, 1.2

Мажучиште,[16] Светец, Варош,[17] Керамичко депо, Варош,[18] Некропола со гробови цисти, Варош,[19] Попадин Дол, Варош,[20] Сивец, с. Присад,[21] додека на просторот на Мариово на локалитетите : Трештена Стена, с. Манастир,[22] Три Дабици, с. Крушевица, Страгата, с. Крушевица и Барата, с. Чаниште.[23]

Покрај со археолошки истражувања, Одделението за праисторија при Н.У. Завод и Музеј - Прилеп музејски материјал прибира и по пат на рекогносцирање, подарок и откуп. Така дел од археолошкиот материјал што е презентитан во овој прилог добиен е по пат рекогносцирања, а дел како подарок и потекнува од три досега неевидентирани археолошки локалитети: Џаферица кај с. Тополчани, Комарчани – Бучало и Каракамен и двата кај с. Шелеверци.[24] ( Карта )

**Локалитетот Џаферица** се наоѓа во атарот на с. Тополчани, а на околу 2 км. западно од с. Шелеверци. Претставува поголема вештачка тумба со приближно кружна основа, која поради континуираното обработување на земјата ја загубила својата форма и димензии. Секако за нејзиното понатамошно уништување придонесол и електричен далновод вкопан скоро во нејзината средината. Пронајдените парчиња куќен лепеж упатуваат на постоење на населба со надземни станбени објекти, градени во вообичаената техника на градење од дрвена граѓа и лепеж, во рамки на воспоставени градителски традиции со определени норми за нивниот облик, димензии и внатрешен распоред.

Во куќната керамичка продукција преовладуваат садови со погруба фактура и кафеавкаста боја на печењето. На најширокиот дел од стомакот на садовите се наоѓаат тунелести држалки, вертикално продупчени. (Т.I,3,4) Во нивното украсување застапени се организираниот барботинот и импресо техниката со коси низи изведени со нокти кои се спојуваат под агол. (Т.I,1,2)

Од култните предмети евидентирани фрагментот од мал жртвеник од типот на “масичка“ на четири скалесто назабени нозе и фрагментираниот зооморфен жртвеник со реципиент на грбот. (Т.I, 6,7)

---

15 Миткоски А., 2008, 142, План 1 и 2, сл. 1- 8
16 Миткоски А, Темелкоски Д., ( во печат)
17 Китаноски Б., 1987а,31, сл. 3
18 Китаноски Б., 1980, 21, сл. 1-13
19 Китаноски Б., 1978,33, сл. 1-21
20 Китаноски Б., 1960,209 – 214, сл. 1-15
21 Kitanoski B., 1971,105, T.II
22 Миткоски А., 2011,125
23 Миткоски А., 2010, 49, План 2,3,4
24 Голема благодарност за отстапениот археолошки материјал до Горан Ацески од Прилеп, по потекло од с. Шелеверци, кој како добар познавач на теренот околу селото беше и водич при археолошките рекогносцирања што беа извршени на 04.04.2012 година. Покрај горепотпишаниот на овие истражувања зеде учество и Душко Темелкоски, археолог - виш кустос

Пронајдени се повеќе орудија од камен, целосно сочувани или пак делумно оштетени. Претежно тоа се орудија со заоблен или рамно засечен долен дел и со сечило острено од едната или од двете страни. (Т.II,1- 4,7,11)

Евидентирани се и кружни плочки и прешлени од камен, продупчени во средината (Т.I,8,Т.II,5,6), како и неколку фрагментирани или целосно зачувани рачни мелници од камен и камена дробилка (Т.II,12,13). Пронајдени се и едно ноже од кремен и повеќе кугли за праќа. (Т.II,8 - 10)

Опишаниот археолошки материјал во потполност припаѓа на среднонеолитската културна група Велушина – Породин.[25]

**Локалитет Комарчани – Бучало** се наоѓа на околу 1 км. североисточно од с. Шелеверци. На една рамна тераса која е со приближна ориентација С-Ј, на поголема површина се наоѓаат орудија и фрагменти од праисториска керамика.

Садовата керамика е работена на рака, а преовладуваат садови со средна фактура. Во мал број се присутни оние со фина изработка, додека грубата фактура се среќава многу ретко. Бојата на садовите добиена при печењето обично е сива и кафеава во повеќе нијанси, ретко црвеникава. Кај оние со фина фактура присутен е премаз со црвена или црна боја. Дната на садовите се кружни и рамни (Т.III). Се јавуваат неколку видови на држалки : лентеста, јазичеста (Т.III,4), вертикало продучена тунелеста држалка, држалка во форма на јадец (Т.III,3), како и брадавичести апликации со различни димензии (Т.III,6).

Од облиците се јавуваат неколку типови и варијанти на чинии и садови со различни облици и намена. Чиниите со форма на прав конус обично имаат средна фактура, а со по еден примерок се јавуваат со убава, односно со лоша фактура. Имаат сива боја добиена при печењето, но евидентиран е и еден примерок со црвено премачкување. Венецот е заоблен, во еден случај задебелен во горниот дел и косо засечен навнатре. Кај друг пример со поголеми димензии и груба фактура под венецот се наоѓа поголема брадавичеста апликација. Се јавува и тип на конусна чинија со пластично ребро кое го заменува рамото (Т.III,9). Овој тип на чинии имаат средна и убава фактурам а еден фрагмент е со црно премачкување. Со по еден примерок застапени се и биконусната чинија со мала брадавичеста апликација на преминот (Т.III,6), садот со полузатворена форма (Т.III,1), садот со облик на пехар (Т.III,5), садот – цедилка (Т.III,7), садот со две лентести држалки, како и поголемите садови со цилиндричен врат, заоблен венец и топчесто тело и капакот со конусна форма (Т.III,2).

Пронајдени се и неколку орудија изработени од камен со зеленкаста или сивкаста боја, дел од нив со убаво мазнети површини со заоблен или рамно засечен долен дел и со сечило острено од едната или од двете страни

---

[25] Санев В.,1995, 38, сл. 1-4 на стр.41

(T.IV,1-5,7,9,11). Во еден случај е откриено орудие со попречен отвор за дршка (Т.IV,6). Евидентирани се и неколку кремени орудија со сива или океаста боја, по правило ретуширани од двете страни (Т.IV,8,10).

Од култните предмети овде ќе го спомнеме фрагментираниот зооформен жртвеник во облик на свиња, најверојатно со реципиент на грбот (Т.III,8) и фрагмент од макета на куќа (Т.III,10).

Опишаните наоди аналогии наоѓаат во движниот археолошки материјал застапен на локалитетите Кутлине кај с. Ракле,[26] Прчинога кај с. Дуње, Ѓарамиди кај с. Чаниште,[27] Али Чаир, Прилеп,[28] винчанската фаза од Могила с. Сенокос,[29] како и доцнонеолитскиот културен слој во населбата Градиште кај с. Дебреште.[30]

**Локалитет Каракамен** се наоѓа на околу 1 км. северозападно од село Шелеверци. Претставува помал карпест рид со издолжена форма и ориентација север - југ. Поради долгогодишната експлоатација на камен и земја, ридот скоро целосно е уништен, а со тоа и праисториската населба која егзистирала на тој простор.

Малкуте пронајдените парчиња куќен лепеж упатуваат на постоење на населба со надземни станбени објекти, градени во вообичаената техника на градење од дрвена граѓа и лепеж.

Во куќната керамичка продукција преовладуваат садови со средна, а помало е присуството на садови со груба фактура. Бојата на печењето е сива и кафеавкаста во неколку нијанси (Т.V). Од облиците се јавуваат чинии и садови со различни облици и намена. Застапени се чиниите со форма на прав конус (Т.V, 8), како и чинии со кус цилиндричен врат и топчесто тело (Т.V,3,9). Кај еден примерок на најширокиот дел се наоѓа петличеста држалка украсена со плитко врежани канелури кои формираат “крст“ (Т.V, 9), а кај друг на преминот од вратот кон рамото се наоѓа хоризонтален ред од кружни ситни убоди (Т.V, 3). Евидентирани се и кантаровидни садови со две вертикални лентести држалки (Т.V,4), садот во форма на пехар на висока шуплива нога со убаво мазнети површини (Т.V,2), садот цедилка (Т.V, 7), како и садот со кус цилиндричен врат и топчесто тело на рамото, украсен во техника на браздесто врежување (Т.V,1,1a). Откриени се и складишни садови – питоси со средна или груба фактура, дебели ѕидови, рамно дно, топчесто тело и хоризонтални држалки со кружен пресек или поголеми јазичести дршки. Пронајден е и прешлен со конусна форма во средината продупчен (Т.V,5), како и фрагмент од култна масичка –жртвеник украсен во техника на браздесто врежување (Т.V, 6).

---

[26] Темелкоски Д., Миткоски А., 2008, 93 и др.
[27] Миткоски А., 2010, 52, Т. I,II, III, IV, 1 – 6, 11-12, 15-16,19
[28] Kitanoski B., 1969, 19-20, T. V, 1
[29] Темелкоски Д., Миткоски А., 2006, 59, Т. IV,8
[30] Археолошка карта.., 1996, 294

За хронолошко и културолошко определување на движниот археолошки материјал од локалитетот Каракамен, покрај формата на садовите во многу помага и начинот на нивно украсување. Браздестото врежување, односно орнаментирањето со куси отсечни зарешки (втиснувања во бразди) познато како “furchenstich“ техника (Т.V,1,1а,6) за првпат се јавува во населбите од Костололачката енеолитска културна група.[31] На просторите на Пелагонија и Мариово овој начин на украсување се наоѓа на локалитетите кои припаѓаат на доцноенеолитската регионална културна група Трештена стена.[32]

Познато е дека рекогносцирањето претставува ограничен метод на истражување затоа што добиените податоци се базираат само врз површински наоди. Сепак презентираните сознанија ја дополнуваат претставата за рашireност на веќе познатите културни целини во Пелагонија и Мариово, а кои хронолошки припаѓаат на праисториските епохи. На овој начин, односно со прибирање на движен археолошки материјал по пат на рекогносцирање е потврдена раширеноста на доцноенеолитска регионална културна група Трештена стена на 12 локалитети во односните простори.[33]

Со некои идни археолошки ископувања предложеното датирање и културолошка припадност на презентираните локалитети може да се помести.

## КАРТА И ТАБЕЛИ




Позиција на локалитетите Цаферица с. Тополчани, Комарчани – Бучало с. Шелеверци и Каракамен с. Шелеверци

[31] Гарашанин М., 1973,231; Tasić N., 1979, 256
[32] Миткоски А., 2010, 56, Т. VI, 2,Т. VII,Т.XI, 8; Миткоски А., 2011, 139 - 140, Т. XXIII, Т. XXIV, 9, Т.XXV, 3,3а
[33] Миткоски А., 2011, 139




**T.I** Движни археолошки наоди од локалитет Џаферица с. Тополчани




**T.II** Движни археолошки наоди од локалитет Џаферица с. Тополчани



**T.III** Движни археолошки наоди од локалитет Комарчани – Бучало с. Шелеверци



**T.IV** Движни археолошки наоди од локалитет Комарчани – Бучало с. Шелеверци




**T.V** Движни археолошки наоди од локалитет Каракамен с. Шелеверци

**БИБЛИОГРАФИЈА**

Археолошка карта на Република Македонија, Том 2; Скопје 1996


1. Гарашанин М., 1973, Праистирија на тлу СР Србије, Београд
2. Кепески Л и К. – Китаноски Б., 1986, Мариово – рекогносцирања, Arheološki pregled 25, Ljubljana
3. Китаноски Б., 1960, Два гроба из старијег гвозденог доба код Прилепа, Starinar XI, Београд 209 – 214
4. Китаноски Б., 1961, Праисториски наоѓалишта во прилепскиот крај, Стремеж бр. 2, Прилеп 39-48
5. Kitanoski B., 1969, Ali Čair, Arheološki pregled 11, Beograd
6. Kitanoski B., 1971, Nekoliko nalaza iz gvozdenog doba Pelagonie i Raeca, Materijali VII, Beograd 105 – 109
7. Китаноски Б., 1976, Ранонеолитска населба Пештерица кај Прилеп, Materijali XIV, Prilep, 155 – 165
8. Китаноски Б., 1977, Неолитска населба Чука кај село Тополчани, Macedoniae acta archaeologica 3, Скопје 27-38
9. Китаноски Б., 1978, Ранобронзенодопски гробови од Варош кај Прилеп, Macedoniae acta archaeologica 4, Скопје 33-51
10. Китаноски Б., 1980, Праисториско керамичко депо од Варош во Прилеп, Macedoniae acta archaeologica 6, Скопје 21-31
11. Китаноски Б. Симоска Д. Тодоровиќ Ј, 1987, Радин дол - неолитска населба кај Прилеп, Macedoniae acta archaeologica 7 – 8 (1981 – 82), Скопје 7-25
12. Китаноски Б., 1987а, Еден прилог за бронзеното време на Пелагонија, Macedoniae acta archaeologica 7 – 8 (1981 – 82), Скопје 31-37
13. Kitanoski B., 1992, Some data on the eneolithie of Pelagonija, Balcanika XXIII, Beograd 232
14. Миткоски А., 2005, Врбјанска чука кај селото Славеј, прилепско, Зборник на Музеј на Македонија, н.с. бр. 2, Скопје 33 – 45
15. Миткоски А., 2008, Баба, Прилеп, Македонски археолошки преглед 1, Скопје 140 – 142
16. Миткоски А., 2010, Мариово во праисторијата, Macedoniae acta archaeologica 19 ( 2004 – 2006 ), Скопје 49 – 64
17. Миткоски А., 2011, Локалитетот Трештена стена кај село Манастир, Мариово, Macedoniae acta archaeologica 20 ( 2006 – 2008 ), Скопје 125 – 140

18. Миткоски А, Темелкоски Д., Локалитетот Ридот кај село Мажучиште, Macedoniae acta archaeologica 21, Скопје (во печат)

19. Санев В.,1995, Неолитот и неолитските култури во Македонија, Цивилизации на почвата на Македонија кн.2, Скопје 21- 46

20. Tasić N., 1979, Kostolačka kultura, Praistorija jugoslovenskih zemalja III. Sarajevo

21. Темелкоски Д., 1999, Енеолитска населба Крушеанска Чука, Macedoniae acta archaeologica 15 (1996 – 1997), Скопје 33 – 44

22. Темелкоски Д., Миткоски А., 2006, Праисториска населба Могила Сенокос, Macedoniae acta archaeologica 17 ( 1999 – 2001 ), Скопје 55 – 75

23. Темелкоски Д., Миткоски А., 2008, Доцнонеолитска населба на локалитетот Кутлине кај село Ракле, Macedoniae acta archaeologica 18 ( 2002 – 2004 ), Скопје 93 – 105

24. Темелкоски Д, Миткоски А., 2008а, Енеолитски локалитет “Големи Камен“ кај село Лопатица, Macedoniae acta archaeologica 18 (2002 – 2004 ), Скопје 115 – 130

25. Cnotliwy E., 1990, Prahistoryczne skalne na stokach Markovi Kuli w Prilepie, w Jugoslawii, Warownia Markovi Kuli, sprawozdanie z prac misje 1984 – 1988, Warsawa

## РЕЗИМЕ

Во овој прилог се презентира археолошки материјал добиен по пат на рекогносцирања, а дел како подарок и потекнува од три досега неевидентирани археолошки локалитети: Џаферица кај с. Тополчани, Комарчани – Бучало и Каракамен и двата кај с. Шелеверци.

**Локалитетот Џаферица** се наоѓа во атарот на с. Тополчани, а на околу 2 км. западно од с. Шелеверци. Претставува поголема вештачка тумба со приближно кружна основа. Пронајдените парчиња куќен лепеж упатуваат на постоење на населба со надземни станбени објекти, градени во вообичаената техника на градење од дрвена граѓа и лепеж.

Во куќната керамичка продукција преовладуваат садови со погруба фактура и кафеавкаста боја на печењето. Во нивното украсување застапени се организираниот барботинот и импресо техниката. Од култните предмети евидентирани фрагментот од мал жртвеник од типот на “масичка“ на четири скалесто назабени нозе и фрагментираниот зооморфен жртвеник со реципиент на грбот. Пронајдени се повеќе орудија од камен, кружни плочки од камен, продупчени во средината, рачни мелници од камен и камена дробилка. Пронајдени се и повеќе кугли за праќа и едно ноже од кремен.

Опишаниот археолошки материјал во потполност припаѓа на среднонеолитската културна група Велушина – Породин

**Локалитет Комарчани – Бучало** се наоѓа на околу 1 км. североисточно од с. Шелеверци и сместен е на една рамна тераса.

Садовата керамика, пронајдена на истиот е работена на рака, а преовладуваат садови со средна фактура. Бојата на садовите добиена при печењето обично е сива и кафеава во повеќе нијанси, ретко црвеникава. Кај оние со фина фактура присутен е премаз со црвена или црна боја. Од облиците се јавуваат неколку типови и варијанти на чинии и садови со различни облици и намена. Пронајдени се и неколку орудија изработени од камен а евидентирани се и неколку кремени орудија со сива или окераста боја, по правило ретуширани од двете страни. Од култните предмети овде ќе го спомнеме фрагментираниот зооформен жртвеник во облик на свиња, најверојатно со реципиент на грбот и фрагмент од макета на куќа.

Опишаниот археолошки материјал може да се смести во доцниоте фази на неолит.

**Локалитет Каракамен** се наоѓа на околу 1 км. северозападно од село Шелеверци и е сместен на помал карпест рид кој скоро целосно е уништен заради долгогодишната експлоатација на камен и земја. Малкуте пронајдените парчиња куќен лепеж упатуваат на постоење на населба со надземни станбени објекти, градени во вообичаената техника на градење од дрвена граѓа и лепеж.

Во куќната керамичка продукција преовладуваат садови со средна фактура а бојата на печењето е сива и кафеавкаста во неколку нијанси. Од облиците се јавуваат чинии и садови со различни облици и намена неколку украсен во техника на браздесто врежување. Пронајден е и прешлен со конусна форма во средината продупчен, како и фрагмент од култна масичка – жртвеник украсен во техника на браздесто врежување.

За хронолошко и културолошко определување на движниот археолошки материјал од локалитетот Каракамен, покрај формата на садовите во многу помага и начинот на нивно украсување. Браздестото врежување познато како “furchenstich“ техника на просторите на Пелагонија и Мариово се наоѓа на локалитетите кои припаѓаат на доцноенеолитската регионална културна група Трештена стена.